# АДИНГФИЛЕР

*Смеса за исполнување и порамнување на спoеви помеѓу гипс картонски плочи*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За исполнување и израмнување (глетување) на фуги помеѓу гипс картонски плочи, за бандажирање на споевите со бандаж трака од безалкална мрежа, како и за корекција на оштетувањата на плочите.

## СВОЈСТВА

- еднокомпонентен прашкаст материјал;
- едноставен за подготовка со додавање на вода;
- добра атхезија за подлогата од гипс картон, гипсени блокови, малтер и сл.;
- лесен за нанесување, порамнување и обликување на споевите;
- мазна и рамен изглед на обработената површина, со фина завршна структура;
- овозможува едноставна и брза изведба.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | фина бела прашкаста маса |
| Водоматеријален фактор W/M | - | 0.30-0.35 |
| Отворено време за работа на 20ºC | - | max 40 min |
| Време на сушење на температура од 20˚C, релативна влажност од 65 % | EN ISO 1517 | целосно сушење на еден слој е 12 часа |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, чиста, стабилна, без масти и прашина и без лабилни позиции. Обработката на фугите може да се изработи откако нема да има големи промени во димензиите поради промена на температура, влажност и слично. Температурата на подлогата треба да биде од 10˚C до 30ºC.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Адингфилер се подготвува со 6-7l чиста вода за една вреќа од 20kg (1,2-1,4l за вреќа од 4kg), при што смесата постојано се меша до потполно воедначување. Отворено време за работа е 40min, по што материјалот врзува и не е возможно да се врати обработливоста со додавање на вода. Вградувањето е со мазна глетарка или шпахтла, во два слоја. Со првиот слој потребно е фугата целосно да се исполни, по што се втиснува бандаж трака од безалкална мрежа по должината на спојот. По сушење на првиот, завршно се порамнува со вториот слој. Откако обработената фуга е целосно цврста и сува, 12h по нанесувањето на последниот слој на температура од 20º, површината се порамнува со фина шмиргла. Оптималната температура при вградување треба да биде од 10-30°C, а релативната влажност на воздухот не поголема од 70%.

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој од 1mm: 0,8-1,2 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќа од 4 и 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5-35°C. Рок на употреба: 12 месеци.

<u>Опасност по здравјето</u>: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Пожар</u>: Адингфилер е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Чистење и депонирање</u>: Неврзани остатоци од Адингфилер се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk